INTERNATIONAL BALKAN UNIVERSITY

# *Д Е Л О В Н И К*

за работа на Универзитетскиот сенат на Меѓународниот Балкански Универзитет во Скопје

## Содржина

I. ОПШТА ОДРЕДБА .......... 2
II. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ СЕНАТ .......... 2
III. СЕДНИЦИ НА УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ СЕНАТ .......... 3
IV. ОДЛУЧУВАЊЕ .......... 7
V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ .......... 8

Врз основа на член 52, став 1, алинеја 31 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, бр. 103/2008, бр. 26/2009, бр. 83/2009 и бр. 99/2009) Универзитетскиот сенат на Меѓународниот Балкански Универзитет во Скопје, на седница одржана на 16.09.2010 година, го донесе следниов

# Д Е Л О В Н И К

за работа на Универзитетскиот сенат на Меѓународниот Балкански Универзитет во Скопје

## *I. ОПШТА ОДРЕДБА*

**Член 1**

Со овој Деловник се уредува начинот на работа на Универзитетскиот сенат на Меѓународниот Балкански Универзитет во Скопје (во натамошниот текст: Универзитетски сенат).

## *II. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ СЕНАТ*

**Член 2**

Членовите на Универзитетскиот сенат имаат права и должности утврдени со закон, со Статутот на Универзитетот и со овој Деловник.

**Член 3**

Членот на Универзитетскиот сенат има право и должност да присуствува на седниците на Универзитетскиот сенат, да се подготвува за секоја седница и да учествува во работата и одлучувањето на Универзитетскиот сенат.

Членот на Универзитетскиот сенат може да отсуствува од седницата само од оправдани причини и е должен, најмалку 1 ден пред одржувањето на седницата, во писмена форма, да го извести ректорот на Универзитетот. Оправданоста на причините за отсуството ја оценува ректорот на Универзитетот.

Ректорот го повикува и го опоменува членот кој трипати еднoподуго не присуствувал на седниците, а не го оправдал своето отсуство. Доколу и понатаму членот на Универзитетскиот сенат неоправдано отсуствува, ректорот писмено го известува факултетот, што го избрал и ќе побара да избере друг член во Универзитетскиот сенат.

**Член 4**

Ректорот на Универзитетот го информира Универзитетскиот сенат за работата на Ректорската управа (писмено или усно).

**Член 5**

За присуството на членовите на Универзитетскиот сенат се води евиденционен лист кој го потпишуваат присутните членови на Универзитетскиот сенат.

**Член 6**

Членот на Универзитетскиот сенат има право и должност да гласа или да се воздржи од гласање.

**Член 7**

Членот на Универзитетскиот сенат, на седница на Универзитетскиот сенат, има право:

- да предлага донесување општи и поединечни акти од надлежноста на Универзитетскиот сенат;
- да учествува во претресот на предлог-актите од ал.1 на овој член што се на дневен ред на седницата и да дава свои предлози при нивното донесување. За изнесениот предлог на членот на Универзитетскиот сенат се изјаснува Универзитетскиот сенат со гласање, на начин утврден со овој Деловник;
- да иницира разгледување на други прашања од надлежноста на Универзитетскиот сенат.

**Член 8**

Членот на Универзитетскиот сенат има право да поставува прашања во врска со дневниот ред на седницата.

Одговорите на прашањата се даваат на истата седница или на првата наредна седница.

Членот на Универзитетскиот сенат има право да поставува прашања и до Ректорската управа и да бара одговор, и одговорот да го добие на наредната седница или на негово писмено барање, и во покус рок.

**Член 9**

Членот на Универзитетскиот сенат е должен да ја информира високообразовната, установа, за работата на Универзитетскиот сенат.

**Член 10**

Членот на Универзитетскиот сенат е должен да ја чува државната, службената, воената и деловната тајна.

Како тајна се сметаат податоците што членот на Универзитетскиот сенат ќе ги дознае на седница на Универзитетскиот сенат во врска со прашањето за кое се расправа без присуство на јавноста.

Како тајна се сметаат и сите материјали што му се упатуваат на Универзитетскиот сенат, а како такви се означени.

## *III. СЕДНИЦИ НА УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ СЕНАТ*

**Член 11**

Универзитетскиот сенат заседава на седници.

Седниците се одржуваат најмалку 2 пати годишно.

Универзитетскиот сенат може да одржува и вонредни седници.

Универзитетскиот сенат може да одржува свечени седници по повод јубилеи , прослави и во други случаи.

Универзитетскиот сенат може да одржува комеморативни седници.

**Член 12**

Седниците на Универзитетскиот сенат се јавни.

По исклучок, Универзитетскиот сенат може да одлучи да работи без присуство на јавноста.

**Член 13**

Ректорот на Универзитетот ги свикува и раководи со седниците на Универзитетскиот сенат, се грижи за примената на Деловникот, дава појаснувања во врска со примената на Деловникот и се грижи за редот на седниците.

По овластување на ректорот, како и во случаи на спреченост на ректорот, седницата ја свикува и со неа раководи еден од проректорите овластен од ректорот.

**Член 14**

Универзитетскиот сенат се свикува и на барање на најмалку 3 установи во состав на Универзитетот и на барање на Ректорската управа.

**Член 15**

На седниците на Универзитетскиот сенат можат да бидат поканети и претставници на заинтересирани организации, установи и други правни лица и поединци.

**Член 16**

Седниците на Универзитетскиот сенат се свикуваат со покана за седница, која ги содржи: датумот, местото, денот, времето на одржувањето на седницата, предлогот на дневниот ред со материјали по прашањата што се предлагаат за дневниот ред за седницата и записникот од претходната седница.

Материјалите за седницата се доставуваат по електронски пат.

Поканата за седницата се доставува до членовите на Универзитетскиот сенат и до учесниците најмалку три дена пред одржувањето на седницата.

Во вонредни, итни случаи, поканата може да биде доставена во покус рок. Седницата ќе се одржи доколку Универзитетскиот сенат ги прифати причините за нејзино итно свикување.

**Член 17**

Доколку седницата не се одржи поради неприсуство на доволен број членови на Универзитетскиот сенат утврден со закон, со Статутот и со другите акти на Универзитетот, седницата се презакажува во рок од најмногу седум дена, и до членовите и учесниците се доставува нова покана со истиот предлог на дневен ред.

Закажаната седница се одлага и во случај кога ќе настапат причини кои го оневозможуваат нејзиното одржување во закажаниот ден и се презакажува на истиот начин.

**Член 18**

Предлогот на дневниот ред и денот на одржувањето на седницата на Универзитетскиот сенат ги утврдува ректорот, во соработка со проректорите и со генералниот секретар на Универзитетот.

Право да предлага точки за дневен ред на седница има секој член на Универзитетскиот сенат. Предлогот се доставува во писмена форма, преку архивата на Универзитетот, најмалку 7 дена пред одржувањето на седницата. Материјалите пристигнати по овој рок нема да бидат вклучени како точка во дневниот ред за претстојната седница.

Предлогот содржи образложение, цел, актот што треба да се донесе и други елементи кои го оправдуваат предлогот.

Ако предлогот биде ставен на дневен ред, образложение поднесува и ректорот до членовите на Универзитетскиот сенат.

**Член 19**

Предложениот дневен ред го утврдува Универзитетскиот сенат на почетокот на седницата, откако ќе се утврди дека има кворум за работа утврден со закон, со Статутот и со другите акти на Универзитетот.

Секој член на Универзитетскиот сенат, во итни случаи, може да предлага измени и дополнувања на предложениот дневен ред. Предлагачот е должен да ја образложи итноста и важноста на новата точка на дневниот ред и да достави писмен образложен предлог или предлогот усно да го образложи на седницата на Универзитетскиот сенат.

**Член 20**

По усвојувањето на дневниот ред, Универзитетскиот сенат го утврдува записникот од претходната седница. Записникот на кој не се ставени забелешки, како и записникот со усвоените забелешки и извршените измени, се смета за утврден и се усвојува со јавно гласање.

Усвоениот записник го потпишуваат ректорот и генералниот секретар на Универзитетот по завршувањето на седницата.

**Член 21**

По утврдувањето на дневниот ред и прифаќањето на записникот, се преминува на претресување на прашањата од дневниот ред.

Претресот по поединечните точки започнува со излагање на предлагачот, кое не може да биде подолго од 10 минути, и трае се додека по него се пријавуваат учесници за збор. Секој учесник има право на дискусија до 5 минути, но не повеќе од два пати за иста точка.

Ректорот го опоменува членот доколку се оддалечи од предметот на претресот, ако не се придржува на времето и бројот на јавувањата од претходниот став на овој член, и може да му го одземе зборот.

**Член 22**

Збор за дискусија се добива од ректорот по редоследот според кој дискутантите се пријавиле за дискусија.

**Член 23**

Во текот на претресот Универзитетскиот сенат може, на предлог на ректорот или на член на Универзитетскиот сенат, да донесе одлука разгледувањето на тековното прашање од дневниот ред да се прекине за да може предметот повторно да се проучи или да се дополни материјалот, односно да се прибават потребни податоци за идната седница.

**Член 24**

За работата на седницата на Универзитетскиот сенат се води записник.

Во записникот се внесуваат: бројот на седницата, местото на одржување на седницата, денот и часот кога се одржува седницата, присутните членови, отсутните членови кои го оправдале, односно кои не го оправдале отсуството, евентуалното одлагање или прекинување на седницата, другите присутни лица на седницата, заклучокот за усвојување на записникот од претходната седница со евентуалните измени, усвоениот дневен ред. За секоја точка од дневниот ред, изнесените дискусии на членовите на Универзитетскиот сенат, формулираниот заклучок од страна на ректорот и резултатот од гласањето по него се воведуваат во записник. Се назначува времето кога седницата е завршена или прекината, со наведување на причините за прекинот.

Членот на Универзитетскиот сенат кој на седницата ќе го издвои своето мислење, може да побара во записникот да се внесат битните делови од неговото мислење.

На барање на член на Универзитетскиот сенат, како составен дел на записникот се внесува и авторизираната дискусија на членот, кој е должен писмено да ја достави во рок од 7 дена по завршувањето на седницата.

Составен дел на записникот во Архивата на Универзитетот се доставените материјали за седницата и актите донесени на седницата.

**Член 25**

Ректорот ја прекинува седницата ако во текот на траењето се намали бројот на присутните, со што ќе се предизвика немање мнозинство членови потребно за работа и одлучување (кворум), заради нарушување на редот во салата во која се одржува седницата.

Седницата може да се прекине од страна на ректорот или со одлука на Универзитетскиот сенат, ако таа трае подлого од 3 часа или ако не може да заврши во истиот ден.

Прекинатата седница продолжува во рок од седум дена, сметано од наредниот ден од денот на прекинувањето, без дополнување на дневниот ред.

**Член 26**

По исцрпувањето на прашањата од дневниот ред, ректорот констатира дека седницата е завршена.

## *IV. ОДЛУЧУВАЊЕ*

**Член 27**

Универзитетскиот сенат на своите седници донесува општи акти, одлуки, заклучоци, препораки и други акти, зазема ставови по одделни прашања и дава предлози и мислења (во натамошниот текст акти).

**Член 28**

По предложените акти од дневниот ред се води претрес и дискусија, а, по нивното завршување, ректорот формулира заклучок, одлука и сл., го става на гласање и го соопштува резултатот од гласањето, со дефиниран текст на актот.

Универзитетскиот сенат одлучува со мнозинство утврдено со закон, со Статутот и со другите акти на Универзитетот.

Актите што ги донесува Универзитетскиот сенат ги потпишуваа ректорот на Универзитетот, а се применуваат и имаат дејство на правосилност откако ќе бидат верификувани од Управниот одбор на Универзитетот.

**Член 29**

Јавното гласње се врши со дигање рака или поименично за што одлучува Универзитетскиот сенат.

Тајно се гласа во случаите утврдени со закон, со Статутот и со другите општи акти на Универзитетот и кога Универзитетскиот сенат за тоа посебно ќе одлучи.

**Член 30**

Пред гласањето ректорот констатира дали има кворум и, доколку има се пристапува кон гласање.

Членот на Универзитетскиот сенат се изјаснува со "за" или "против" предлогот, или со воздржување од гласањето.

По завршеното гласање ректорот ги утвдува резултатите од гласањето и врз основа на тоа објавува дали предлогот за кој се гласало е усвоен или одбиен.

**Член 31**

Тајното гласање се врши со гласачки ливчиња.

Гласачките ливчиња мораат да бидат со еднаква големина и во иста боја.

Тајното гласање го спроведува комисија од три члена избрана од Универзитетскиот сенат во која, по правило, членува и еден студент.

На секое гласачко ливче се става печат на Универзитетот и се потпишуваат сите членови на Комисијата што го спроведува гласањето.

**Член 32**

Пред да се премине на тајно гласање, генералниот секретар на Универзитетот ги дава потребните објаснувања за начинот на гласањето.

Гласачките ливчиња се даваат на членовите на Универзитетскиот сенат и гласањето се врши со прозивка според списокот на членовите.

**Член 33**

Во гласачкото ливче, кога се предлага избор на носители на одредени функции, се наведуваат функцијата за која се врши изборот и имињата и презимињата на кандидатите поединечно, според азбучниот ред на нивните презимиња.

Пред името и презимето на секој кандидат се става реден број.

При тајното гласање за избор на одделни носители на функции, членовите на Универзитетскиот сенат гласаат на тој начин што го заокружуваат редниот број пред името и презимето на кандидатот.

За неважечко ќе се смета гласачкото ливче на кое се заокружени редните броеви пред имињата и презимињата на повеќе кандидати од бројот што се избира, непотполнетото гласачко ливче, ливчето на кое се внесени нови имиња и ливчето од кое со сигурност не може да се утврди за кој кандидат членот на Универзитетскиот сенат гласал.

Ако некој, односно ниту еден од предложените кандидати не го добие потребното мнозинство, гласањето се повторува, само за непополнетите места, со други кандидати, односно за сите места со други кандидати, по истата постапка.

**Член 34**

По спроведеното тајно гласање претседателот на изборната комисија ги соопштува резултатите од гласањето, а ректорот ја формулира одлуката, која се внесува во записникот.

**Член 35**

Тајното гласање за предлогот во целина се врши на тој начин што во гласачкото ливче се наведуваат предлогот и зборовите: “за” и “против”, а гласањето се врши со заокружување на еден од наведените зборови.

## *V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ*

**Член 36**

Административните, стручните и други работи за потребите на Универзитетскиот сенат ги врши Стручната служба на Меѓунродниот Балкански Универзитет во Скопје.

**Член 37**

Толкување на одредбите од овој Деловник дава Универзитетскиот сенат.

**Член 38**

Овој Деловник влегува во сила со денот на објавувањето на огласната табла на Универзитетот а со претходно добивање согласност од Управниот одбор на Универзитетот.

**Ректор**

**Проф. д-р Хунер Шенџан**